# Вежба:
# Користење на ISACS-AT стандарди во контекст на спроведување на истражувања за SALW

ISACS Оперативен модул 05.10: спроведување на истражувања за малокалибарско и лесно оружје

**СЦЕНАРИО– Контекст**
Земјата О неодамна излезе од период на судири и вооружено насилство кое траело неколку години и кое е обележено со голема пролиферација на оружје. Оружјето циркулирало меѓу не-државни актери, кои го набавувале на различни начини: било преку директни донации на странски влади или „истекло“ од државни залихи, или е пронајдено во војна или стечено со прекуграничен промет благодарејќи на слаба гранична контрола.

Советот на безбедност на ОН, во кој дошло до поделени мислења по прашањето на конфликтите во државата О, не и наметнал ембарго на оружје на таа земја, али неколку држави во регионот по избувнувањето на судирите воведоа санкции со цел. Државите кои воведе санкции покажале јасен став дека, ако сака укинување на санкциите државата О мора да воведе, усоврши и демонстрира мерки на управување со оружје.

Пред избувнувањето на вооружениот судир, оваа држава била производител на оружје и увозник/извозник на малокалибарско и лесно оружје. Органи на безбедноста биле првенствено државните агенции, на пример полиција, мада постоеле и активно делувале бројни приватни фирми за работи на обезбедување, пред се во главниот град и други градски области. Иако со избувнувањето на војната бројот на приватните фирми за работи на обезбедување во државата О се намалил, неодамна завршувањето на судирите повторно довело до зголемување на користење на услуги на овие фирми.

По завршувањето на судирите, пред осум месеци, почетните проценки за количината на оружјето се движат помеѓу 1,9 и 2,1 милиони парчиња на малокалибарско и лесно вооружување во државата О, од што повеќе од две третини циркулира вон залихите што ги поседува државата (овие проценки ги направиле надворешни истражувачки организации, потпирајќи се на информации од одредени извори). Владата овие проценки не ги смета за сигурен извор на податоци. Нема доволно информации за типот на корисникот на ова оружје, иако постојат неколку вооружени групации за кои се знае дека поседуваат малокалибарско и лесно оружје.

По завршувањето на судирите, со цел на обезбедување на територијата и зацврснување на безбедносниот апарат за заштита на населението, новоформираната Влада на државата О изрази интерес повторно да произведува и увезува/извезува оружје и муниција. Натаму, Владата моментално ги разгледува измените на законот за цивилно поседување на малокалибарско и лесно оружје, и изразила заинтересираност да спроведе програма на доброволно собирање на оружје.

Како што е напред опишано, Владата како еден од своите приоритети ја постави и контролата на SALW. Прв чекор кон таа цел беше Националната комисија за SALW да донесе план за истражување на тема на SALW, за да се стекне појасна слика за дистрибуцијата на ова оружје и со тоа постави основа за донесување на политички одлуки и заеднички проекти и активности кои би се спроведувале заедно со меѓународните и националните партнери. Последно истражување за контрола на малокалибарско оружје спроведено е пред 6 години, во периодот пред да избувнат судирите.

* * * * *

**ЗАДАЧА за двата тима**

Вие сте дел на независен, надворешен тим на консултанти кои ги ангажирала Националната комисија за SALW со цел да се спроведат истражувања за малокалибарско и лесно оружје. Како прв чекор во истражувањето, Комисијата бараше да пројдете низ методологијата на изложување на податоци собрани во претходното истражување пред да избувнат судирите, и да дадете стручна оценка за начинот на излагањето, како и да подготвите извештај со ваши коментари за Комисијата.

Комисијата пред се е заинтересирана да го искористи ISACS модулот 5.10, Спроведување на истражување за малокалибарско оружје, клаузула 9.6.2, како основа за собирање на следниве информации:

1) Кои податоци претходните истражувачи добро ги обработиле; и

2) Кои податоци ги изоставиле.

За податоците кои недостасуваат/кои не ги опфатиле претходните истражувачи, морате да:

а) ја објасните важноста на собирање на такви податоци; и

б) предложите како Комисијата би можела да ги собере овие информации со користење на анкети.

Според инструкциите на Комисијата, во вршењето на оваа задача морате да ги консултирате стандардите на ISACS. Суштина на вашата задача е да ја убедите Комисијата да спроведе сеопфатно истражување. Вашите наоди ќе се достават до шефот на Комисијата. Можете да изложувате и усмено или со помош на визуелен материјал. Можете да ја користите печатената верзија на ISACS стандардите или ISACS-AT.

## СОВЕТ

Работите со информации кои ги имате. Сите расположиви информации за податоците собрани во претходното истражување се дадени во продолжението. Ако некои информации недостасуваат, тоа значи дека релевантната информација не е утврдена, прикажана, односно не е на располагање.

## ПОТСЕТНИК

Сетете се на чекорите во спроведувањето на процената:

1. Востановите која информација е потребно да биде измерена во Модулот;
2. Со помош на ISACS-AT PDF, соберете ги релевантните податоци;
3. Анализирајте ги резултатите за да вашите резултати ги поткрепите со соодветни информации.

* * * * *

**Методологија на процената на дистрибуција на податоците за малокалибарското и лесното оружје кое ги собрала агенцијата (А) пред избувнувањето на конфликтите**

**Преглед на ситуацијата**

Податоците се собрани од државни агенции, како и од војската, полицијата, царината и граничните стражи. Имињата на тие агенции се забележени (вкупно 5), но не можеа да се добијат податоци за количината и типовите на малокалибарските оружја кои ги поседува секоја државна агенција. Исто така, во истражувањата се добиени податоци за вкупниот број на кадарот од секоја агенција, но не можеше да се утврди бројот на вработените во овие агенции кои имале пристап кон малокалибарското оружје.

Во истражувањето се собрани податоци за малокалибарското оружје во посед на цивили. Собрани се податоци за законските прописи со кои е регулиран пристапот на цивилите кон малокалибарското и лесното оружје, како и податоци за типовите и категориите на дозволи кои се поднесуваат секоја година, собрани се малку податоци, и овие информации не се класифицирани според типот на дозвола. Информации за рокот на важењето на дозволите не се собирани. Во истражувањето се собирани податоци за количината и типовите на малокалибарското и лесното оружје во легално поседување. Прецизни податоци за малокалибарско оружје во нелегално поседување не можеа да се добијат.

Пристап кон информациите за приватните фирми за работи на обезбедување е ограничен и не се добиени никакви значајни податоци за тоа.

**Производство**

Собирани се општи податоци за производство на малокалибарско оружје, лесно вооружување, делови што припаѓаат, компоненти и муниција. Собрани се и некои основни податоци за законската и регулаторната рамка за домашното производство, вклучувајќи ги и типовите и категориите на дозволи и овластувања кои се неопходни за производство. Беа вкупно седум овластени произведувачи и нивните производни капацитети се познати. Исто така се добиени информации за количините и типот на малокалибарското оружје и муницијата кои легално се произведуваат.

Истражувањето не ги опфати податоците за бројот на неовластените произведувачи и нивните производни капацитети, вклучувајќи ги и количините и типовите на оружјето и муницијата кои нелегално се произведуваат. Не постои јасно објаснување зошто овие податоци се исклучени.

**Промет**

Податоци за локалниот и меѓународниот промет на малокалибарско оружје не можеа да се соберат, како ни за овластените посредници во прометот на оружјето, поради ограничениот пристап кон овие информации. Напомнуваме дека Владата не била во потполност транспарентна ниту соработувала во размена на информации во врска со законските прописи кои се однесуваат на дозволи и овластувања за промет на оружје.

**Информации за диверзии**
Не беше можно да се соберат информации за количините и типовите на малокалибарското оружје, лесното вооружување и муницијата што се изгубиле или ги украле соодветни актери, вклучувајќи го и оружјето што исчезнало од државната агенција, приватните фирми за работи на обезбедување и физичките лица. Истражувачите и тука напомнуваат дека Владата не била во потполност транспарентна кога се зборува за диверзии.

**Собирање и отстранување**
За малокалибарското оружје, лесното наоружување и муницијата кои ги предале цивили или кои ги одзела/конфискувала државата нема информации. До сега не е организирана никаква кампања за собирање во државата О. Постојат меѓутоа, и собрани се информации за праксата на државата кога е во прашање отстранување на несакано оружје.

* * * * *